


# ФАКТИТЕ, УПОРНОСТА И ПОСТОЈАНОСТА СЕ НАЈВАЖНИТЕ ОРУЖЈА ВО БОРБАТА ПРОТИВ ВАКЦИНАЛНИТЕ ДЕЗИНФОРМАЦИИ

МЕТАМОРФОЗИС
Фондација за интернет и општество

**Издавач:**

Метаморфозис, Фондација за интернет и општество
Ул. Апостол Гусларот бр.40, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
www.metamorphosis.org.mk | info@metamorphosis.org.mk
тел/факс: +389 2 3109 325

**За издавачот:**

Бардил Јашари

**Уредување и подготовка:**

Мирослава Бурнс, постојан соработник/новинар во vistinomer.mk

Оливера Којновска, заменик-уредник на vistinomer.mk

Владимир Петрески, главен уредник на vistinomer.mk

**Лектура и коректура:**

Елеонора Стојкоска – Попетревска

**Илустрации:**

Иван Петрушевски

**Дизајн:**

Билјана Неделковска

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ....................................................................................................4

1. ДЕЗИНФОРМАЦИИ ВО КОИ СЕ ВЕЛИ ДЕКА ВАКЦИНИТЕ ПРЕДИЗВИКУВААТ БОЛЕСТИ И СМРТ, КАКО И НЕПЛОДНОСТ ....................................................5

2. ДЕЗИНФОРМАЦИИ ВО КОИ СЕ ВЕЛИ ДЕКА ПОЛИТИЧАРИТЕ И БОГАТИТЕ СЕ ПРИВИЛЕГИРАНИ, ПА ЗАТОА ПРИМААТ ПЛАЦЕБО ИЛИ ВООПШТО НЕ СЕ ВАКЦИНИРААТ ..........................................................................................6

3. ТЕОРИИ НА ЗАГОВОРИ ЗА САТАНИСТИТЕ, ГЛОБАЛИСТИТЕ И ФАРМАЦЕВТСКАТА МАФИЈА, „ЗАПРАШУВАЊЕ“ СО ВИРУСОТ ОД АВИОНИ, ГОЛЕМ РЕСЕТ НА БИЛ ГЕТЈС ......................................................................8

4. ДЕЗИНФОРМАЦИИ ЗА СОСТАВОТ НА ВАКЦИНИТЕ ДЕКА ИМААТ МАГНЕТИ, ОТРОВИ, ГРАФЕН ОКСИД, ПА ДУРИ И ВИРУС ЕБОЛА, ПАРАЗИТИ И МРТВИ ФЕТУСИ ..........................................................................................11

5. ДЕЗИНФОРМАЦИИ ДЕКА ВАКЦИНИТЕ СЕ ОПАСНИ, ПА ТРЕБА ДА СЕ ЧИСТАТ ОД ТЕЛОТО СО ПОСТ НА ВОДА И „СУРАМИН“.......................................11

6. РЕЛИГИЈАТА ЗЛОУПОТРЕБЕНА ПРОТИВ ВАКЦИНАЦИЈАТА ............................12

7. ДЕЗИНФОРМАЦИИ ЗА ТОА ДЕКА ВАКЦИНИТЕ СЕ ЕКСПЕРИМЕНТАЛНИ, НЕМААТ ДОЗВОЛА ЗА УПОТРЕБА И НЕ СЕ ИСПИТАНИ...................................13

8. ДЕЗИНФОРМАЦИИ ДЕКА ВАКЦИНИТЕ ГО МЕНУВААТ ГЕНОМОТ, ДНК НА ЛИЧНОСТА, СÈ СО ЦЕЛ ДА БИДАТ КОНТРОЛИРАНИ И СЛЕДЕНИ....................15

9. ДЕЗИНФОРМАЦИИ ЗА ВАКЦИНИТЕ И ДЕЦАТА...............................................15

ЗАКЛУЧОЦИ ..........................................................................................17

ПРЕПОРАКИ...........................................................................................19

# ВОВЕД

Вакцините против корона-вирусот донесоа нова надеж во светската борба за запирање на смртноста и намалувањето на здравствените и социо-економските последици од ковид-пандемијата. Вакцинацијата го отвори патот за враќање во нормалниот живот, заживување на економијата и врските меѓу луѓето, кои речиси две години се одвиваат дигитално, на далечина или, во најдобар случај, хибридно, односно со комбинација на личен и дигитален контакт. Меѓутоа, самото тоа што граѓаните поминуваат помалку или повеќе време во карантин и изолираност, со редуцирани лични контакти или барем без она ниво на лични контакти што го посакуваат, придонесе многумина да се свртат кон социјалните мрежи или да ги засилат другите видови дигитална комуникација за сметка на личните контакти.

Социјалните мрежи за многумина станаа главниот канал за комуникација и место каде што сè повеќе се кажува она што вообичаено би се кажало при личните средби. А, неретко и многу повеќе. Зад мониторот се појавија организирани и дисперзирани групи граѓани, кои заеднички или индивидуално пласираат дезинформации за вакцините, процесот на вакцинација, но и за ковид воопшто. Владата, брзајќи да одговори на големата потреба од вакцини, набави вакцини против ковид-19, но без да може и без да има време да ја измери објективната заинтересираност на граѓаните да примат вакцина. Оние што сакаа да се вакцинираат го сторија тоа. Но, потоа започна интензивниот маратон како да се мотивираат да се вакцинираат што повеќе и од оние другите, над 50 проценти од македонското население кои немаат примено ниту една доза вакцина.

Почна трката меѓу официјалните извори и научно издржаните ставови и мислења, кои говорат и се обидуваат да ги објаснат придобивките од вакцинацијата, од една страна, и од друга страна, неоснованите напади за вакцините, врз нивните креатори, врз креаторите на јавните политики во земјата, врз оние што веќе примија вакцини, како и клевети за нивната опасност презентирани од лаици, па се фрлаа дури и клетви.

Во таквата, сега веќе целогодишна дебата се развија повеќе антивакцинални наративи. Во нив, пак, преовладуваат повеќе различни типови дезинформации, секоја наменска за да создаде чувство дека вакцините се животозагрозувачки, дека не заштитуваат од ковид-19, дека претставуваат средство за присилба и контролирање на мнозинството од страна на малцинството, нелогични и, според природните закони, невозможни теории на заговори, како, на пример, дека вирусот се „прска“ од авиони или дека од вакцините се случува масовно умирање на луѓето во светот, односно депопулација, иако светските статистики покажаа дека бројот на луѓето во светот, и покрај пандемијата, е во пораст споредено со периодот пред ковид-19.

Во склоп на проектот за демистифицирање на невистините за ковид и вакцините, порталот „Вистиномер“, издание на Фондацијата „Метаморфозис“ од Скопје, во рамките на проектот „Рапиден одговор на вакциналните дезинформации“, поддржан од Балканскиот фонд за демократија, иницијатива на Германскиот Маршалов план, фондација за демократија, човекови права и меѓународна соработка од САД, забележа повеќе видови штетни наративи и тези против вакцините, но и против самото постоење и карактерот на ковид-19 пандемијата, кои преовладуваа во јавниот дискурс, пред сè, на социјалните мрежи.




Овие дезинформации може да се поделат во неколку тематски групи:

## 1. ДЕЗИНФОРМАЦИИ ВО КОИ СЕ ВЕЛИ ДЕКА ВАКЦИНИТЕ ПРЕДИЗВИКУВААТ БОЛЕСТИ И СМРТ, КАКО И НЕПЛОДНОСТ

Вакцината против ковид-19 е обвинувана за низа несакани медицински состојби, чие постоење не само што не е докажано, туку и медицинските професионалци во повеќе наврати демантираат дека вакцините предизвикуваат такви несакани ефекти. На пример, се тврдеше дека вакцините предизвикуваат неплодност, дури и во моментите кога немаше никакви клинички студии на темата. Подоцна, се појавија поголем број информации по што Комитетот за вакцинација на Велика Британија ги посоветува бремените жени да се вакцинираат против ковид-19. Во САД, до мај 2021 година 90 илјади жени беа вакцинирани со вакцините на „Фајзер“ и „Модерна“ и не беа идентификувани никакви здравствени проблеми, наспроти сознанијата, кои се веќе познати,

река бремените жени заразени со ковид-19 имаат голем ризик да завршат на интензивна нега, како и да се породат со нивните бебиња порано, отколку жените што немаат ковид-19. Центарот за контрола и превенција на болести во САД, за оние што сакаат да забременат во иднина вели дека може да се вакцинираат, бидејќи вакцините не создаваат неплодност. Тие немаат во себе жив вирус и не можат да ги заразат со ковид ни мајката ни бебето. И владата на Австралија официјално тврди дека вакцините против ковид-19 не предизвикуваат стерилитет.

Во низата болести што лажно ѝ беа атрибуирани на вакцината се најде и канцерот. Министерството за здравство на својата официјална веб-страница во делот за факти и митови за вакцинацијата токму овој мит го посочува како невистинит, укажувајќи дека МРНК-вакцините не ја менуваат вашата ДНК и затоа не можат да предизвикаат рак. Во упатствата за користење на вакцините нема канцерогени состојки, а од почетокот на пандемијата забележлив е тренд на опаѓање на стапката на малигни болести, но не зашто ги нема, туку зашто голем дел од пациентите поради пандемијата останале недијагностицирани и нетретирани болнички. Пациентите со малигни хематолошки заболувања во Северна Македонија имаат и официјални препораки од Клиниката за хематологија да се вакцинираат.

Најнеодговорни и најзастрашувачки, секако беа дезинформациите дека вакцините предизвикуваат смрт. Во голем дел од рецензиите, забележавме дека не се прави разлика меѓу пријавата за несакани ефекти, која може секој да ја достави, дури и ако има само најмал сомнеж дека вакцината предизвикала некаков несакан ефект. Оние што споделуваат дезинформации за вакцините, односно кои произволно тврдат дека тие доведуваат до смртен исход, комплетно ги игнорираат другите придружни елементи, како, на пример, возраста на починатиот пациент и неговите коморбидитети. Наспроти упатствата дадени од Агенцијата за лекови МАЛМЕД, како и од американскиот центар за пријавување несакани ефкти по вакцинација - ВАЕРС, дека пријавата не е доказ оти вакцината е причина за нечиј несакан ефект, оние што шират дезинформации самите пријави ги пласираат како генерални факти, небаре се докажана стопроцентна вистина. „Вистиномер“ во повеќе рецензии посочуваше дека нема докажана причинско-последична врска меѓу вакцинацијата и несаканиот ефект.

## 2. ДЕЗИНФОРМАЦИИ ВО КОИ СЕ ВЕЛИ ДЕКА ПОЛИТИЧАРИТЕ И БОГАТИТЕ СЕ ПРИВИЛЕГИРАНИ, ПА ЗАТОА ПРИМААТ ПЛАЦЕБО ИЛИ ВООПШТО НЕ СЕ ВАКЦИНИРААТ

Во текот на 2021 година, меѓу првите што се вакцинираа против ковид-19 беа јавните личности, меѓу кои политичарите и пејачите. Меѓутоа, во повеќе наврати ова нивно вакцинирање, кое се одвиваше пред камерите и пред фотоапаратите, беше претставувано како да не се случило. За таа цел, злоупотребен беше фактот што за вакцинација против ковид-19 се користат таканаречени безбедносни шприцови и игли, кои самите се повлекуваат откако вакцината ќе биде аплицирана, со цел да се заштити медицинскиот персонал од евентуално заразување. Со вакви безбедносни игли, вакцините беа аплицирани на повеќе јавни личности, но тоа незнаење за безбедносните шприцови доведе и до сомничави коментари и постови на социјалните мрежи дека вакцината, всушност, не е аплицирана и дека богатите, славните, моќните и влијателните се исклучок од




вакцините. На ваков начин се сакаше да се презентира дека вакцините се опасни и се наменети за светска депопулација наспроти фактите што говорат дека бројот на луѓето на планетата Земја, расте, а не се намалува и покрај пандемијата.

Такви тврдења имаше за американската пејачка Марaја Кери, за министерот за здравство Венко Филипче, за белгискиот политичар Барт Сомерс, а имаше и злоупотребени видеа од лекари, за кои неосновано се тврдеше дека во ист ден двапати се вакцинирале. Дури и раководните лица од фармацевтските компании, производители на вакцината против ковид-19, беа обвинувани дека не се вакцинираат со производот што му го пласираат на целиот свет. Таков беше случајот со директорот на „Фајзер“, Алберт Бурла. Забележливо е дека во овие постови, кога се споделувани, не се води сметка за времето кога биле иницијално објавени. Се случува информација стара и повеќе од една година да биде пласирана како нова, односно да се споделува и една година подоцна, кога ги има загубено и релевантноста и свежината, а со тоа и информативната вредност.

Директорот на „Фајзер“ на почетокот на пандемијата, исто како и преостанатиот дел од светот, беше на листа на чекање, бидејќи мораше првично да се имунизираат приоритетните групи, меѓу кои здравствените работници и возрасните граѓани. Фактот што директорот на „Фајзер“ чекал да биде вакциниран, а потоа ги примил и двете дози од вакцината, беше злоупотребуван па дури и една година подоцна се споделуваше дека тој не е вакциниран. Овие дезинформации потекнуваа и од земјава и од странство, во зависност од местото од каде што е јавната личност.

## 3. ТЕОРИИ НА ЗАГОВОРИ ЗА САТАНИСТИТЕ, ГЛОБАЛИСТИТЕ И ФАРМАЦЕВТСКАТА МАФИЈА, „ЗАПРАШУВАЊЕ“ СО ВИРУСОТ ОД АВИОНИ, ГОЛЕМ РЕСЕТ НА БИЛ ГЕТЈС

Бил Гејтс беше најспоменуваната личност во поглед на вакцинацијата, со лажниот наратив дека тој сака да убие што повеќе луѓе и да изврши масовна депопулација на населението. За да се создаде вештачка конструкција дека тој сака да ја депопулира планетата со вакцините, се монтираа лажни видеоматеријали од негови поранешни настапи кога пандемијата со корона-вирусот воопшто не постоеше. Таков е примерот кога Гејтс зборува на тема за климатските промени - да се елиминира емисијата на јаглеродниот диоксид со нови пристапи на енергетска продукција. Игнорирајќи ја темата на која говори Гејтс - за енергетски иновации, во рецензираните постови измамнички беше портретиран говорот како ,,доказ за депопулациска агенда којашто ја инволвира и ковид-вакцинацијата”. Иако тој нема врска ни со депопулација, ни со ковид-вакцинација. Фактички нему му беа атрибуирани лажни изјави кои никогаш не ги дал, како на пример, дека жртви на вакцините може да бидат 700 илјади луѓе ширум светот! Во интервју за „Си-ен-би-си“, Гејтс вели дека ако има нуспојави кај еден човек на 10 илјади, тоа ќе погоди 700 илјади луѓе. Тој го користи бројот 700 илјади само теоретски, како илустрација за да укаже колку е важно да се создаде вакцина која ќе биде ефикасна и за постарите лица и тоа без несакани ефекти, но неговата изјава глобално заврши на социјалните мрежи извадена од контекст. Гејтс единствено посочува дека тие потенцијално можат да влијаат на 700.000 луѓе, но во ниту еден момент не вели дека овие нуспојави ќе бидат фатални и ќе предизвикаат трајна штета.

Потоа се тврдеше дека корона-вирусот се прска од авиони, иако медицински таквото тврдење е неиздржано, бидејќи вирусот се пренесува преку капки од устата и носот кои се пренесуваат на растојание помало од два метра, преку зборување, кашлање и кивање. Вообичаени фотографии од авиони во лет, зад кои се појавува трага од издувни гасови поради разликата во температурата на воздухот надвор и моторот внатре во авионот, беа претставувани како доказ дека ковид не е вирус туку нешто што се распрскува намерно за да му се наштети на населението. Честопати во овие наративи се споменуваа наводни сатанисти, глобалисти и фармацевтска мафија кои, наводно, уиграно сакаат да го убијат човештвото.

Комуникологот Сеад Џигал објаснува дека зад секоја теорија на заговор, всушност, стои заговор на некој што се обидува да профитира со тоа што ќе ве убеди да верувате во конспирацијата. Тој вели дека е тажно кога стануваме лесни жртви на конспирациите на социјалните мрежи на некој со амбиција да привлече кликови или да стане „инфлуенсер“. - Уште потажно е кога медиумите се надоврзуваат на овие манипулации и се обидуваат и тие да профитираат од нив. Масовното




ширење конспирации најчесто се јавува во периоди на конфузија, несигурност и незадоволство кај луѓето. Конспирациите се обидуваат да го премостат јазот помеѓу информациите и смислата. Имаме многу информации, тие се конфузни, не знаеме што навистина се случува и која е крајната смисла на сето тоа. Кога не можеме да ги поврземе информациите во сета нивна сложеност, при рака се конспирациите кои на едноставен и сликовит начин ја рекреираат смислата за „вистинската реалност“, посочува Цигал.

Протоа  додава дека  теориите на заговор, макар и привремено, го смируваат нашиот копнеж по смислата.

„Конспирацијата нè ослободува од бремето на вистината“, запишал Умберто Еко. Луѓето најчесто се плашат од нештата што не ги разбираат, а во денешниот вмрежен свет нашата изложеност на теми што не ги разбираме е далеку поголема отколку во времето пред интернетот. Ова бреме на информациите на кои се обидуваме да им дадеме некаква смисла често нè наведува кон различни квазиодговори чија цел е да ја засилат нашата увереност дека, ете, знаеме што се случува во светот околу нас. Убедливоста на денешните конспирации добива сила тогаш кога




тие масовно ќе се прошират, особено со помош на интернетот и на социјалните мрежи, кои тоа го прават на неверојатно брз начин. Ако за нешто почнувате да слушате насекаде, тоа полека добива на релевантност само затоа што сите зборуваат за тоа и постапно станува дел од „реалноста“, појаснува Џигал.

Истовремено напоменува дека интернетот и социјалните мрежи тоа многу го олеснуваат и забрзуваат.

- Слабата медиумска писменост и комуникациска култура Северна Македонија влијае овие појави да бидат помасовни и поопасни од другите земји. Исто така, Северна Македонија и Балканот се подрачје што е мошне подложно на разни суеверија и лековерност. Насекаде се присутни и влијателни различни гатачи, читачи на судбини, видовити, надрилекари и слично, така што различните дезинформации и конспирации лесно се шират кај нас, напоменува Џигал.

## 4. ДЕЗИНФОРМАЦИИ ЗА СОСТАВОТ НА ВАКЦИНИТЕ ДЕКА ИМААТ МАГНЕТИ, ОТРОВИ, ГРАФЕН ОКСИД, ПА ДУРИ И ВИРУС ЕБОЛА, ПАРАЗИТИ И МРТВИ ФЕТУСИ

Лога лаици се вмешуваат во медицински комплексни теми, па со полуинформации и манипулации се обидуваат да ги дисквалификуваат вакцините и нивниот состав, е навистина опасно. Во периодот на вакцинацијата се појавија лаги дека во вакцините има магнети, отрови, графен оксид, ебола, паразити или дека се составени од мртви фетуси. Ништо од ова не е вистинито, но тоа не ги спречи лажните објави каде се прикажуваа метални предмети, меѓу кои, монети и супени лажици залепени на рамото на наводно вакцинираните, како наводен доказ дека нивното тело станало магнетно по примањето на вакцината.

Ова, се разбира, не е вистина. Дозата на вакцината е помала од еден милилитар. Стандардната доза на „Фајзер" содржи 0.3 милилитри. Тоа не е доволен волумен во кој би можел да се вметне микрочип, дури и кога некој би посакал да направи такво нешто. Дури и целата доза што се инјектира да содржи феромагнетен метал, повторно не би било доволно за да се создаде ефектот на магнетизирање на телото. Експерти објаснуваа дека лажица и други метални предмети може да се залепат на рамото поради леплива кожа, можеби со лепило и селотејп. „Форбс" нотира дека има трошка вистина во тоа дека многу луѓе можат да залепат метални магнетни или други предмети, како стакло, порцелан, пластика, дрво и алуминиум на нивната кожа. Но, во овој феномен нема магнетизам, туку нешто многу пообично. Причината зошто предметите може да се лепат за некои луѓе е силата наречена „фрикција" (триење). Ама, наводните метални моќи секогаш исчезнуваат кога кожата ќе се прекрие со пудра. Во овие постови никогаш не беше презентиран доказ дека лицето со залепени предмети на рамото е вакцинирано.

Вакцината против ковид-19 делува зајакнувачки за имунитетот и генерира бели крвни зрнца, наречени Т-клетки, специфични за ковид-19. Овие Т-клетки помагаат имунолошкиот систем да го организира одговорот и да ги убие клетките што се инфицирани со вирусот ковид-19. Самиот производител „Џонсон и Џонсон" гарантира дека нема да се заразите со ебола-вирусот ако ја примите вакцината против ковид-19, наречена „Џенсен", ниту, пак, доколку примите вакцина против ебола. Меѓутоа, сепак, имаше постови во кои се тврдеше токму спротивното. Состојката на годината, која најмногу беше споменувана, а во вакцините ја нема, е графен оксид. „Асошиејтед прес" во јули годинава извести дека и покрај тоа што имало истражувања дали се користел графен оксид во некои вакцини (во количества што за човекот не би биле токсични), се покажало дека материјалот не е на листата со состојки на вакцината на „Фајзер" или во која било друга вакцина. Изолирани претставници на верските заедници ширеа дезинформации дека вакцините содржат фетуси од абортирани деца, иако тоа не е случај.

## 5. ДЕЗИНФОРМАЦИИ ДЕКА ВАКЦИНИТЕ СЕ ОПАСНИ, ПА ТРЕБА ДА СЕ ЧИСТАТ ОД ТЕЛОТО СО ПОСТ НА ВОДА И „СУРАМИН"

Имаше и тврдења дека откако ќе ја примите вакцината против ковид-19, уште ,,имате време да се спасите од нејзините штетни ефекти" на начин што ќе практикувате немедицински,

опасни практики, небазирани на докази, како постење на вода во времетраење од 40 дена или земање лекарства на своја рака. Ваквата немедицинска препорака беше дадена за лекот „сурамин“, којашто од страна на медицински експерти брзо беше демантирана и граѓаните беа предупредени да не земаат на своја рака никакви лекарства за наводни несакани ефекти по вакцинација. Најчестите несакани ефекти вклучуваат болка во рамото, главоболка, болка во телото, температура, кои траат еден до два дена, по што се повлекуваат и се знак дека телото создава имунолошки одговор на вакцината.

Се препорачуваше и наводна детоксификација со 40-дневен пост на вода, кој не е медицински оправдан, под премисата дека во вакцините има некакви „токсини“. Но, пролонгиран пост на вода во времетраење од 40 дена не би требало да се спроведува без медицински надзор. Во 2011 година, пациентот Џонатан Кам почина по 32-дневен пост на вода. Студија на овој линк покажува дека негативните ефекти на постот на вода се замор, проблеми со срцето и нерегуларно срцебиење, висок или низок крвен притисок, болки во стомакот и вртоглавици. Долгорочните пости на вода се поврзани со нездраво слабеење, губење мускулна маса, постојан замор и чувство дека ви е ладно, промени во расположението. Во светот не постои ниту едно истражување, ниту една препорака од официјално медицинско тело, вклучително и СЗО, Американската агенција за храна и лекови, Европската агенција за лекови, ниту, пак, каков било научен став, дека по вакцина е потребна каква било детоксификација, а уште помалку со 40 дена пост на вода. Овој изум, 40-дневно постење на вода, претставува опасен метод, кој не треба да се спроведува од кого било без медицински надзор и без консултација со лекар.

## 6. РЕЛИГИЈАТА ЗЛОУПОТРЕБЕНА ПРОТИВ ВАКЦИНАЦИЈАТА

Религиските чувства и верските определби на граѓаните честопати беа доведувани во корелација со вакцинацијата во еден лажен наратив, дека верниците се против, а неверниците се за вакцинација. Ова, се разбира, не е точно, а го потврдува и фактот што многубројни религиски организации и нивните челници препорачаа вакцинација за своите верници по сопствена желба и лично убедување. Верските чувства на граѓаните беа користени и како оружје да се напаѓаат тие што решаваа да се вакцинираат со тезите дека го примиле жигот на ѓаволот и дека му се потчиниле. Имаше постови на „Фејсбук“ во кои се велеше дека „Исус е против вакцинацијата“ и покрај тоа што овој јавен повик од страна на МПЦ, ИВЗ и Католичката црква покажува дека ниедна верска заедница од овие три не е против вакцинацијата. Лани во април (2021) по средбата на тогашниот премиер Зоран Заев со лидерите на Македонската православна црква – Охридска архиепископија, архиепископот охридски и македонски, г. г. Стефан, на Исламската верска заедница, реис-ул-улема Хаџи Шаќирефенди Фетаи, и на Католичката црква, монсињор Киро Стојанов, бискуп скопски и струмичко-скопски епарх, Владата соопшти дека сите поглавари ја поддржуваат вакцинацијата против ковид-19. Од страна на верските лидери присутни на состанокот е укажано дека заштитата на здравјето не е само обврска на државата, туку е и верска обврска бидејќи секој човек е должен, и општествено и според верата, да биде во служба на здравјето. Заеднички е констатирано дека во овие моменти кога човештвото се соочува со непредвидлив вирус, потребна е разумност од страна на сите верници, бидејќи болеста не избира религии и нации.




## 7. ДЕЗИНФОРМАЦИИ ЗА ТОА ДЕКА ВАКЦИНИТЕ СЕ ЕКСПЕРИМЕНТАЛНИ, НЕМААТ ДОЗВОЛА ЗА УПОТРЕБА И НЕ СЕ ИСПИТАНИ

---

И покрај тоа што вакцините против ковид-19 поминуваат низ строги меѓународни контроли, проверки на сертификати, испитувања во лаборатории и регистрација пред апликација во Агенцијата за лекови, сепак, тоа не беше доволно за да се сопре лавината постови на социјалните мрежи во која се тврдеше дека тие се недоволно испитани и небезбедни. „Вистиномер“ во својот обид да ги расветли фактите, објави анализа за патот на вакцините од производителот до рамото на пациентот, во која се опишани сите процедури за регистрација на вакцините во земјава, без разлика дали станува збор за процедура со интервентен увоз или со регистрирање на вакцината.




Таа има сертификат од независна лабораторија во рамките на европската мрежа, но се прават и дополнителни проценки во Институтот за јавно здравје. Без сертификат за безбедност, не може да продолжи понатаму процедурата за регистрација на вакцината. За испитување на сите параметри во вакцините, покрај Институтот за јавно здравје, од страна на МАЛМЕД е овластен и Фармацевтскиот факултет и ова се однесува на сите лекови. По одобрување од страна на Светската здравствена организација (СЗО) како и националните регулатори, сите вакцини мора да поминат три клинички фази на тестирање. Клиничките тестирања даваат сигурност дека вакцините се безбедни и за лицата со разни болести,  како и за ефикасност против вирусот. Резултатите од клиничките фази потоа се ревидираат од страна на независни научници за да се осигури дека податоците се во ред. Тестирањата во третата фаза и нивната примена во светот потврдија дека вакцините се многу ефикасни во превенција на тешките симптоми.

## 8. ДЕЗИНФОРМАЦИИ ДЕКА ВАКЦИНИТЕ ГО МЕНУВААТ ГЕНОМОТ, ДНК НА ЛИЧНОСТА, СÈ СО ЦЕЛ ДА БИДАТ КОНТРОЛИРАНИ И СЛЕДЕНИ

За дезинформациите дека вакцините ќе ја променат вашата ДНК и геномот, Министерството за здравство и официјално на својата веб-страница за борба против митови тврди дека станува збор за невистина. Причината е во тоа што МРНК-технологијата потекнува од 1990, иако сега за прв пат се користи во широкоупотребувани вакцини. Во вакцините на „Фајзер“ и „Модерна“, МРНК се наоѓа во „липидна капсула“ или попрецизно, во обвивка од масти, која е опишана како наночестичка. Префиксот „нано“ само значи дека е мала, а не дека е нанотехнологија. Иако терминот нано се користи за да се наметне дека нанотехнологија се користи за да ја модифицира вашата РНК, тоа е комплетно лажно. МРНК во вакцините на „Фајзер“ и „Модерна“ нема никаков ефект на ДНК или РНК на човекот и не станува составен и траен дел од клетката. МРНК-вакцините не ја менуваат вашата ДНК на кој било начин и затоа не можат да предизвикаат рак. Вакцините со Месинџер РНК (МРНК) ги учат клетките како да создадат протеин што предизвикува имунолошки одговор ако некој се зарази. МРНК што се инјектира во вашето тело не комуницира со вашата ДНК. Откако МРНК ќе ја заврши својата работа, вашите клетки ја распаѓаат и расчистуваат од вашето тело. Нема трајни ефекти од МРНК во вакцината.

Постојат и луѓе што во своите постови ја промовираат тезата според којашто една мала и моќна група луѓе сака да го следи светското население преку чипови! Но, во вакцините нема чипови. Првиот доказ за тоа е дозата на вакцината. Таа е помала од еден милилитар! Стандардната доза на „Фајзер“ содржи 0.3 милилитри. Тоа не е доволен волумен во кој би можел да се вметне микрочип, дури и кога некој би посакал да направи такво нешто. Министерството за здравство на Австралија одговарајќи на ова прашање, тврди дека чипови во вакцините нема. Она што може да се забележи е дека една иста дезинформација за чиповите, се појавува од Австралија до Македонија, што значи дека постои база на основни дезинформации карактеристични за целиот свет.

## 9. ДЕЗИНФОРМАЦИИ ЗА ВАКЦИНИТЕ И ДЕЦАТА

Кога станува збор за децата и нивната имунизација против ковид-19, наративите се исклучително жестоки. Може да се каже дека се игнорираат официјалните препораки за вакцинација и одобрението на „Фајзер“ за помала доза вакцина за помлади лица, а се користи наративот и апелот „родителите да не ги даваат своите деца на ѓаволот“. Во таа смисла невистинито се тврди дека ковид не ги напаѓа децата и покрај тоа што има смртен случај на 15-годишно девојче во земјава, како и официјални тврдења од здравствени експерти педијатри за последиците на долгиот ковид кај децата. Понатаму, се пронаоѓаат лажни видеа на социјалните мрежи од странство, на кои се гледаат починати деца и се тврди дека нивната смрт е последица на вакцинацијата. Ова е скандалозно со оглед на тоа што со пребарување на оригинаните видеа

се доаѓа до заклучокот дека станува збор за неповрзани смртни случаи со вакцинација, туку со труења со јаглеродниот моноксид во кривично правни настани во странство. Се изнесуваат и непоткрепени тврдења дека вакцинацијата на децата е кривично дело, иако таа во земјава се спроведува само со одобрение на родител. Во овие наративи за најмладите, повторно провејува дезинформацијата дека вакцините се екепртиментални за да се обесхрабрат родителите да ги вакцинираат децата.

# ЗАКЛУЧОЦИ

- Генерално ковид-дезинформациите се многу перзистентни, репетитивни, ги има постојано, дури и кога во земјата има други важни настани, како, на пример, локални избори или попис на населението.

- Ковид дезинформациите во многу поголема мера се присутни на социјалните мрежи отколку во традиционалните медиуми.

- Кога станува збор за лицата што шират дезинформации на Фејсбук, во најголем дел станува збор за лица кои сметаат дека пандемијата, а со тоа и вакцините против ковид-19 се производ од глобален заговор. Значи, во многу поголем процент, оние што ги шират дезинформациите од овој вид тоа го прават од идеолошки причини, односно веруваат во дезинформациите што ги шират. Многу е помал бројот на оние кои тоа го прават од други причини (финансиски, политички, медицински и други). Кога станува збор, пак, за оние кои дезинформациите за ковид-19 и за вакцините ги шират затоа што веруваат во нив, тие се делат на лица кои тоа го прават упорно и постојано, па дури и цел за лична промоција или зашто негуваат месијански синдром (се чувствуваат како спасители), како и на лица кои ваквите дезинформации ги споделуваат повремено или ретко, зашто се свесни дека привлекувањето на преголемо внимание врз себе преку оваа тема може да има негативни последици за нив (општествени, социјални, семејни и други).

- Во поглед на квантитетот, може да се каже дека дезинформациите се шират од различни профили и во голем обем, но има и одредени „резервирани“ профили, кои во континуитет, упорно пласираат невистини, полувистини и манипулации, кои продолжуваат со вакви објави и покрај тоа што постојано се рецензирани и имаат санкции од „Фејсбук“ за лажните вакцинални наративи. За жал, тоа не ги запира авторите (сопствениците на овие профили) да шират дезинформации, па дури се добива впечаток како тие дополнително да се мотивираат да пласираат вакви постови или да отвораат нови профили, бидејќи сметаат дека се цензурирани.

- Главните дезинформации за вакцините и за ковид-19 се упорно повторувани од оние што ги шират, притоа се надградувани со нови моменти, па вклучувани во актуелни настани со цел да им се даде привид на постојаност, сеприсутност и креирање перцепција за нивна наводна вистинитост.

- Најголем дел од дезинформациите на социјалните мрежи на македонски и албански јазик се увезени во С. Македонија и тоа најмногу од две говорни подрачја, чии јазици граѓаните најмногу ги разбираат, а тоа се српскиот и англискиот јазик. Проверката

на фактите покажа дека истите дезинформации веќе постојат во странство, а се само преведени и адаптирани за корисниците на социјалните мрежи во Северна Македонија.

# ПРЕПОРАКИ

- Борбата против ковид дезинформациите нема брзо или еднократно/единечно решение, односно тнр „сребрен куршум“ (silver bullet), некоја постапка со која може брзо да се сузбие овој проблем. Станува збор за битка на спротивставени волји, која треба да се води од ден во ден. И, со оглед на тоа што дезинформациите се многу полесни за смислување од проверките на вистинитоста, предноста, кога станува збор за времето и ресурсите, е на страната оние кои шират вакви дезинформации, што значи дека проверувачите на факти треба да имаат цврста волја, упорност и мудро да ги користат расположливите ресурси.

- Битката против овие дезинформации не смее да престане и треба да се води конзистентно и со редовна динамика. Станува збор за опасни дезинформации кои можат да имаат последица врз личното и колективното здравје и понекогаш може да чинат животи поради извршено силно влијание врз нечија одлука да се одбие вакцината. На ваквата опасност е особено изложен тој дел од јавноста кој нема прецизно изграден став и мислење за вакцините, па дезинформациите може дополнително да ги направат колебливи и да одбиваат да се вакцинираат, односно да ги заштитат нивното и здравјето на нивните најблиски.

- Корисниците на социјалните мрежи треба да бидат внимателни, да не наседнуваат и да не ги земаат објавите здраво за готово, да проверуваат кој е изворот на информацијата, колку е кредибилен и дали може да му се верува.

- Новинарите секогаш треба да се водат од принципите утврдени во Кодексот на новинарите и во Прирачникот за етика во новинарството. Во таа смисла треба да се објавуваат точни, проверени информации, да не се прикриваат податоци и да не се искривуваат вестите. Пласираните информации секогаш треба да бидат проверени барем од два извора и ослободени од сензационализам.

- Проверувачите на факти, исто така, треба да бидат внимателни и да се држат до официјалните и проверени податоци, да се повикуваат на кредибилни извори и институции при разобличувањето на дезинформациите. Затоа што фрлањето сомнеж во науката со произволни, неосновани и непоткрепени тврдења може само да ја подгрее недовербата на јавноста во здравствениот систем, а со тоа да се предизвика огромна штета во битката со пандемијата и за заштита на јавното здравје.

Оваа брошура е изработена во рамките на Проектот за брзо справување со вакциналните дезинформации, имплементиран од Фондацијата „Метаморфозис“ со поддршка на Балканскиот фонд за демократија, проект на Германскиот Маршалов фонд на САД. Содржината на брошурата е одговорност на Фондацијата „Метамофозис“ и не секогаш ги одразува ставовите на БТД или нивните партнери.

B | T | D The Balkan Trust for Democracy

A PROJECT OF THE GERMAN MARSHALL FUND